СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

*(доверливо)*
**СО 48. седница**
**26.5.2021 година**
**Точка на дневен ред бр. 7**

# ОДЛУКА

## за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2020 година на Стопанска Банка а.д. Битола

**Битола, март 2021 година**

Врз основа на член 45 од Статут на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст), СО бр. 02-19821/1/II-2 од 11.11.2020 година, Собранието на Стопанска банка а.д. Битола на својата 48. редовна седница одржана на ден 26.5.2021 година, донесе:

# ОДЛУКА

**Член 1**

Се УСВОЈУВА Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2020 година на Стопанска Банка а.д. Битола, со што остварената добивка по Годишната сметка за 2020 година во износ од 81.444.861,00 денари се распоредува како што следува:

- 81.444.861,00 денари се распоредува во акумулирана добивка ограничена за распределба на акционерите.

**Член 2**

Се задолжува Секторот за поддршка и финансии да ја реализира Одлуката.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

СО бр.02-8767/1/II-7
Битола, 26.5.2021 година

Стопанска банка а.д. Битола
Собрание на акционери
Претседавач

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Стопанска Банка а.д. Битола, во согласност со законските прописи изготви Годишна сметка за 2020 година, при што утврди добивка пред оданочување во износ од 90.719.976,00 денари, од која по одбивањето на данокот на добивка во износ од 9.275.115,00 денари останува добивката по оданочување во износ од 81.444.861,00 денари која се распоредува како што следи:

Имајќи ги предвид одредбите на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот и критериумите што треба да ги исполнат позициите што се дел од основниот капитал, овој износ е безусловно неповратен, односно не постои можност за негово откупување, повлекување или исплата. Овој износ Банката ќе го евидентира во задржана добивка ограничена за распределба на акционерите, односно на конто 90601 - Задржана добивка - Ограничена за распределба на акционерите.

Распоредувањето и употребата на добивката се вршат во согласност со членовите 18 и 22 од Статутот на Банката и членовите 36, 483, 485 и 487 од Законот за трговските друштва.

Во согласност со споменатите членови, добивката по оданочување во износ од 81.444.861,00 денари се предлага да се распореди во акумулирана добивка ограничена за распределба на акционерите, која не може да се искористи за исплата на дивиденда, а може да се искористи за покривање загуба или за зголемување на основната главнина со запишување акции.

Надзорниот одбор на Банката на својата редовна 4. седница одржана на 24.3.2021 година ја одобри Предлог-одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2020 година на Стопанска Банка а.д. Битола.

Имајќи го предвид изнесеното, се предлага Собранието на Банката да ја усвои предложената Одлука.

Стопанска банка а.д. Битола
Претседател на Надзорен одбор
м-р Миле Зечевиќ